Прилог 1

( Образец ПП......)

**До:** Народна банка на РСМ
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: ______________________________

(се наведуваат податоци за барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Закон за финансиски [illegible] или информација во која фаза е постапката за донесување на истиот.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д ) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** Скопје 07.09 **2022 година.**

______________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

30 МОНЕТАРНА САМОСТОЈНОСТ

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), секретарот на банката како службено лице за посредување со информации од јавен карактер, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Народната банка на Република Северна Македонија на 7 септември 2022 година од страна на
СЕ УВАЖУВА.

2. Како одговор на вашето барање за информација во која фаза е постапката за донесување на Законот за финансиски правобранител, ве известуваме дека Народната банка на Република Северна Македонија има издадено јавно соопштение на својата интернет страна преку кое ја информира јавноста дека Народната банка на Република Северна Македонија заедно со другите финансиски регулатори подготвува предлог Закон за финансиски правобранител. До соопштението може да се пристапи преку следната интернет врска: https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-soopstenie-03012022.nspx. Воедно ве известуваме дека Народната банка на Република Северна Македонија не е овластен предлагач на закони, а за сите предложени прописи може да се информирате преку Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија.

**Образложение**

На 7 септември 2022 година барателот до Народната банка на Република Северна Македонија достави барање за пристап до информации од јавен карактер. Барателот побара информација во врска со Законот за финансиски правобранител или информација во која фаза е постапката за донесување на истиот.

Народната банка на Република Северна Македонија заедно со другите финансиски регулатори подготвува предлог Закон за финансиски правобранител кое нешто е наведено и во јавно соопштение на интернет страната на Народната банка на Република Северна Македонија до кое може да се пристапи преку следната интернет врска: https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-soopstenie-03012022.nspx.

Со оглед на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Бр. 02-30912/1
16 септември 2022 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

**Правна поука:** Незадоволниот учесник има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.